**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ДРАМАТУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕАТАРСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 23.08.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Драматургија** (60800, Фраскатиева класификација) во сите наставно научни звања на Факултетот за театарски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Драматургија**, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 27 јули 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Василка Аврамовска.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. Мимоза Рајл,**
**Вонреден професор Гоце Ристовски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Василка Аврамовска (A.L.F.S) е родена на 06.08 1985 г. во Скопје, Р. Македонија. Има студирано руски јазик и книжевност и дипломира на катедрата по драматургија на École supérieure de réalisation audiovisuelle - ESRA.

2017 година магистрира на престижната академија за филм The London Film School (светскиот водечки интернационален филмски конзерваториум) во областа на Сценарио, Режија и Филмска продукција под менторство на Мајк Ли со што се стекнува со титулата Master of Arts in Filmmaking.

Во рамки на нејзиното образование се стекнува и со професионално знаење од областа на кинематографија, звук, продукциски дизајн, анимација, актерска игра и монтажа. Кратките филмови на кои што има работено како сценарист и ко-сценарист како и продуцент се снимани на англиски, руски и македонски јазик и се избрани на повеќе фестивали на различни континенти како BAFTA, Locarno, Berlinale, Edinburgh, LaCinef, Celalu Film Festival, Dadasaheb Phalke, The Lift-Off Sessions и други.

Нејзините драми се успешно поставени во Англија а проекции од нејзините филмови се прикажувани во сосоработка со композитори и во Royal Opera House. Публикуван и одликуван сценарист, ко-сценарист, режисер и продуцент со десет годишно искуство како професор по сценарио,креативно пишување и читање.

Има напишано повеќе научни трудови од кои последен е на 27 септември 2021 во МАНУ на научен собир „Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941-1991/1991-2021 година".

Можноста да работи со познати и успешни светски филмски уметници во Лондон и пошироко и помогна да развие еден автентичен дисциплиниран модел на однесување кон филмот како и своевиден емпиризам кој безрезервно ќе биде пренесен на студентите од оваа катедра акцентирајќи на соработка преку индивидуалност, вежба, репетиција, фокус и техничка спремност.

Со оваа пракса студентите ќе можат да се носат рамо до рамо со останатиот професионален светски кадар и ќе имаат можност да го применат истото уште во рамки на нивните студии на катедрата преку изработка на Сценарио за долгометражен филм, драматуршки дела и сценарија за кратки филмови кои ќе бидат снимени во рамки на студиите во соработка со студентите од останатите катедри затоа што филмот е жив организам и секој еден орган треба совршено здраво да функционира.

Член е на BFi (British Film Institute) од 2017 година.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Василка Аврамовска** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Насловен Доцент** по група предмети од областа **Драматургија,** на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за театарски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш**

______________________________

**Проф. Мимоза Рајл**

__________________________________

**Вонреден професор Гоце Ристовски**

__________________________________

**Скопје, 30.08.2023**